**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 01-918/1
28.11. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРАВИЛНИК ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ И ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ АНГАЖМАНИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДРЖВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ

Ноември 2023 година

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

| Верзија на документот | Дата | Подготвен од | Краток опис на промените |
|---|---|---|---|
| 1 (прва) | 24.11.2023 година | Натша Гребенарова Теофиловска | |
| | | | |

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

Врз онова на член 130-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14,28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14. 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) и член 30 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019), а согласно Политиката за интегритет бр.04-203/2 од 08.05.2023 година и во насока на имплементација на системот за интегритет, в.д.директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам донесе:

# Правилник
## за спречување на судир на интереси и пријавување на дополнителни ангажмани на вработените во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам

### 1. ВОВЕД

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува заштитата на јавниот интерес и судрот на интереси како еден од елементите на системот на интегритет.

Во Правилникот се уредени мерките и актвностите за спречување на судир на интереси при извршување на работите од надлежност на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како и пријавување на дополнителни ангажмани на вработените во Инспекторатот.

Овој Правилник не ја исклучува примената на законските и позаконските акти кои се однесуваат на спречување на корупцијаа и судирот на интереси.

**Опфат**
**Член 2**

Овој Правилник се однесува на сите вработени службени лица во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам тоа:

- Директорот;
- Инспекторите и
- Сите останати вработени административни службеници.

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

## 2. ГЛАВЕН ДЕЛ

### 2.1 Управување со судир на интереси

**Судир на интереси**
**Член 3**

Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

Во извршувањето на јавните овластувања и должности службеното лице е должно да го почитува начелото на законитост, начепо на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

Во вршењето на својата функција службеното лице е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоствениот или од друго лице.

**Доверливост и заштита на информациите**
**Член 4**

Информаците до кои доаѓаат вработените службени лица во Инспекторатот при вршење на својата работа, не треба да ги употребуаат со цел напредување, заслуга или остварување на друг личен нтерес.

Сите информации со кои доаѓаат во контакт при своето работење, вработените службени лица во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, ги третираат соодвено и согласно законските прописи во однос на довеливост заштита на информациите, притоа почитувајќи го системот на степенување на класифицирани информации.

Лицата со интегритет во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам потпишуваат изјава за доверливост и заштита на информациите во вршење на должноста.

**Неспојливост на функцијата со вршење на други дејности**
**Член 5**

Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за време на траење на својот мандат е должен да ги почитува правилата за неспојливост на функцијата која ја врши со други функции или дејност утврдени во Уставот и законите.

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам функцијата ја извршува професионално, со мандат од четири години и со право на уште еден избор.

За времетраење на мандатот, директорот не може да биде член во органи и тела кои ги избира или именува Собранието на Република Северна Македонија или Владата или соодветна единица на локална самоуправа.

**Пријавување имотна состојба и интереси**
**Член 6**

Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам до Државната комисја за спречување на корупцјата пријавува имотна сстојба и интереси, како и секоја настаната промена во имотната состојба и интересите, во рок и на начин утврден со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Забрана за влијание за вработените блиски лица**
**Член 7**

Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, како и сите вработени службени лица во Инспекторатот не смеат да вршат влијание за вработување или унапредување на блиско лице во Инспекторатот.

**Забрана за влијание врз постапки за јавни набавки**
**Член 8**

Директорот на Инспекторатот или друго вработено службено лице во Инспекторатот не смее да врши незаконско влијание во постапките за јавни набавки кои се спроведуваат во Инспекторатот.

При спроведување на постапката за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на Комисијата за јавни набавки, како и директорот на Инспекторатот во соодвена фаза од самата постапка потпишуваат Изјава за непостоење на судир на интереси која е дел од досието на постапката за јавна набавка.

Доколку кај некој од вработените службени лица во Инспекторатот, во текот на постапката за јавна набавка се појави судир на интереси, односно се осознаат околностите кои можат да доведат до судир на интереси, службено лице бара иземање од понатамошното постапување во постапката за јавна набавка.

**Забрана за влијание врз постапки за вработување, унапредување и дисциплински посапки на административни службеници**
**Член 9**

Директорот на Инспекторатот или друго вработено службено лице во Инспекторатот не смее да врши било какво влијание врз членовите на Комисијата за

вработување/унапредување или дисциплинска комисија при спречување на постапките за вработување, унапредување или дисциплинските постапки во Инспекторатот.

**Постапување во случај на постоење на судир на интереси**
**Член 10**

Во случај кога директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам треба да донесе одредена одлука или да врши одредена работа за која има приватен интерес тој или негово блиско лице, е должен веднаш по осознавање на постоење на приваен интерес да го прекине своето понатамошно дејствување, а постоењето на приваниот интерес да го пријави кај органот кој го именувал.

За постоење на приватен интерес директорот ја известува Државната комисија за спречување на корупција.

Доколку при вршење на работните цели и задачи вработените службени лица во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се најдат во ситуација да носат одлуки или да спроведдуваат постапки или да вршат други работи за кои тие или нивни блиски лица имаат приватен интерес, должни се да го прекинат своето понатамошно постапување во постапката да го пријават постоењето на приватниот интерес и да бараат изземање со поднесуање на Барање за изземање (дадено како Прилог 1 кон овој Правилник).

Се до донесување на одлука во конкретен предмет, секоја страна може да побара службеното лице-инспектор да се изземе од инспекциската постапка, со образложение на причините поради кои бара изземање на инспекторот.

Барањето за изземање се доставува во хартиена форма до писарицата/архивата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

За изземање на службеното лице вработено во Инспекторатот со управен акт (Прилог 2 на овој Правилник), одлучува Директорот, најдоцна наредниот ден по прием на барањето.

Во управниот акт со кој службеното лице се иззема од понатамошното постапување во предметот, се назначува друго службено лице кое треба да го замени, а доколку тоа не се направи, претпоставениот ја презема одговорноста за предметот.

Примерок од одлуката за изземање се доставува до: подносителот на барањето за изземање, лицето кое го заменува изземеното лице и до лицата за интегритет.

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ АНГАЖМАНИ

**Пријавување на дополнителен ангажман**
**Член 11**

Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како и сите вработени во инспекторатот имаат право и можат да остваруваат приходи од научни, наставни активности како и приходи од авторски, патентни и слични права, права на интелектуална и индустриска сопственост ако со закон поинаку не е уредено.

За секој дополнителен ангажман со кој се остварува приход директорот како и вработените во Државниот испекторат за градежништво и урбанизам задолжително ги известуваат лицата за интегритет во Инспекторатот преку Известување (Прилог 3 во овој Правилик).

Доколку лицата за интегритет имаат одредени сомневања во врска со дозволеноста на одреден ангажман го упатуваат лицето кое поднело Известување, да побара мислење за дозволеност на ангажманот од Државната комисија за спречување на корупцијата.

Во деновите во кои Директорот или вработените службени лица во Инспекторатот извршуваат дополнителен ангажман истите отсуството го оправдуваат со користење на денови на годишен одмор.

## 4. ЗАВРШЕН ДЕЛ

**Примена на одредбите од Правилникот**
**Член 12**

Секое прикривање на постоење на приватен интерес и постапување спротивно на одредбите од овој Правилник, претставува повреда на службената должност и е основа на дисцплинска одговорност согласно закон.

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и истиот ќе биде објавен на веб сраната на Инспекторатот.

Скопје
2023 година

Изработил:
Наташа Гребенарова Теофиловска

в.д. Директор на
ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ
ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

Прилог 1

ДО
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам
Бул.„Гоце Делчев“ бр.18 кат 6
СКОПЈЕ

Предмет: Барање за изземање
Врска: Предмет Бр.____________________

Јас ______________________________, вработен/а во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на работно место ______________________________ во Одделението ____________________________________________ во Секторот ____________________________________________, согласно одредбите од член 75 став(1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/2019) и член 25 ис Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), барам да бидам изземен/а од натамошното постапување по предмет Бр.________________, а поради постоење на околностите за судир на интереси.
Изземање барам поради следните причини:
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________.

Скопје, ________________ година

____________________

(потпис)

## Република Северна Македонија
## Државен инспекторат за градежништво и урбанизам

Прилог 2

Врз основа на член 130-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14,28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14. 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) и член 30 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019),а во врска со член 25 став (4) од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15) и член 75 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/2019), вд директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ја донесе следната

### ОДЛУКА

Барање за изземање Бр. ____________________________од ________година, поднесено од страна на ________________________________________, вработен/а во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на работно место________________________________________________ во Одделението ______________________________во Секторот____________________________________,

**СЕ УВАЖУВА/СЕ ОДБИВА.**

Административниот службеник ____________________________________СЕ ИЗЗЕМА / НЕ СЕ ИЗЗЕМА од понатамошното постапување/одлучување по предметот Бр.____________.

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

### *Образложение*

Од страна на административниот службеник ____________________________ вработен/а во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на работно место________________________________________________ во Одделението ______________________________во Секторот____________________________________, поднесено е Барање за изземање Бр. ____________________ од ________________ година.

Во поднесеното Барање именуваниот административен службеник бара да биде изземен поради постоење на околности за судир на интереси/потенцијален судир на интереси наведувајќи дек
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________.

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

Имајќи го предвид пооренаеденото и поднесено Барање за изземање, директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам во рамките на своитезаконски овластувања и надлежности а по оцена на наводите во поднесеното Барање одлучи како во диспзитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:**Против оваа Одлука може да се поведе упраbе спор пред Управен суд.

в.д.Директор
Фатмир Арифи

**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

Прилог 3

ДО

___________________________________

____________________________________________________________
Овластени лица за интегритет во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам

**Предмет: Известување за дополнителен ангажман**

Јас ____________________________________________, вработен/а во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на работно место ______________________________________________ во Одделението ________________________________________________________________ во Секторот______________________________________________________________, согласно член 11 од Праилникот за спречување на судир на интереси и пријавување на дополнителни ангажмани на вработените во Државниот инспекторат за градежнштво и урбанизам Бр.___________од ___________година, Ве известувам дека имам дополнителен ангажман од кој остварувам дополнителен приход и тоа:
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________.
(опис на ангажманот)

*За било какви дополнителни информации во врска со ангажманот Ви стојам на располагање.*

_________________________
*(потпис)*